ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р.Северна Македонија

# СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## 1. ПРЕДМЕТ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

Акционерското друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје (АД ЕСМ – Скопје – во понатамошниот текст на оваа социјална политика: компанијата), како општествено-одговорна компанија се залага за унапредување на социјалните аспекти и интересите на заедницата, како и за безбедноста и здравјето при работа на сите директно и индиректно вработени.

Социјалната политика ја одразува определбата на компанијата за општествена одговорност и одржлив развој преку поддршка и реализација на проекти за производство на електрична енергија од обновливи извори. Насочувањето кон обновливите извори на енергија, покрај економското преориентирање и адекватното креирање политики, повлекува и задолжителна интегрална и социјална адаптација.

## 2. ЦЕЛ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

Компанијата во рамките на своето работење ги има имплементирано и во целост усогласено принципите и барањата на следниве стандарди: стандардот за безбедност и здравје при работа (ISO 45001:2018), за заштита на животната средина (ISO 14001:2015) и за квалитет (ISO 9001:2015). Компанијата, изведувачите и подизведувачите, во рамките на проектите се залагаат за целосно исполнување на овие стандарди, правила, принципи и начела во текот на целиот животен век на проектите.

Целта на компанијата е преку социјалната политика да ја изрази својата посветеност за општествена одговорност, одржлив развој и примена на високите стандарди за безбедност, здравје при работа и заштита на животната средина во сите нејзини процеси и активности. Компанијата е цврсто посветена на почитување и заштита на основните принципи и права на работниците, обезбедувајќи фер третман, недискриминација и еднакви можности за сите.

Клучен аспект на оваа политика е овозможување на безбедноста и здравјето при работа, што претставува основа за успешно и одржливо дејствување. Компанијата имплементира строги мерки за интеграција на стандардите за безбедност и здравје при работа уште од најраните фази на проектното планирање. Сите изведувачи, подизведувачи и надзорни органи се обврзани да се придржуваат до националните прописи и најдобрите меѓународни практики за заштита на здравјето и работната средина. Понатаму, компанијата ги презема сите превентивни мерки со цел минимизирање на ризиците и опасностите на работното место. Превентивните мерки во областа на безбедноста не се ограничуваат само на законските барања, туку вклучуваат и воспоставување култура на свест и одговорност.

Компанијата се залага за создавање работна средина во којашто сите вработени ќе имаат еднакви можности за личен и за професионален развој. Посветена е на спречување на дискриминацијата врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко или друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, и општествен статус или која било друга дискриминаторска основа.

Компанијата при детерминирање на целите на социјалната политика поаѓа од поттикнување на културата на почитување и фер однос кон сите, како и од начелата за совесност и чесност. Покрај тоа, компанијата ги почитува принципите на транспарентност преку редовно информирање на јавноста и вклучување на сите засегнати страни во проектите. Локалните заедници добиваат значителна поддршка преку воведување механизми за жалби и поплаки.

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р.Северна Македонија

## 3. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

Определбите и начелата на социјалната политика ќе бидат постигнати преку следниве активности:

- интеграција на барањата за безбедност и здравје при работа, заштита на животната средина и квалитетна работа уште во најраните фази на проектот, како критериум за избор на изведувач, но и во целата понатамошна проектна и договорна документација,
- заложби за почитување и заштита на основните принципи и права на работниците, фер третман, недискриминација и еднакви можности на работниците,
- задолжување на изведувачот, подизведувачите и надзорните органи за целосно придржување до сите национални стандарди и најдобри интернационални практики за безбедност и здравје при работа и заштита на животната средина,
- целосна транспарентност при објавување на сите релевантни информации поврзани со проектите, отворена комуникација со јавноста и вклучување на сите засегнати страни,
- ќе бидат обезбедени средства за работа, како што се работни и помошни простории, опрема за работа, опрема за лична заштита и секое друго средство кое се користи при работниот процес и ќе се преземат сите превентивни мерки со цел спречување или намалување на ризиците и опасностите по безбедноста и здравјето при работа,
- инволвирање на локалните заедници преку поддршка на проектите и имплементација на механизам за жалби и поплаки во рамките на компанијата и надвор од компанијата,
- пренамена на земјиште уништувано од рударски активности во електрана што ја намалува потребата од фосилни горива.

Во поглед на стратешкиот приоритет на компанијата - транзицијата кон обновливи извори на енергија, компанијата упатува дека тој план вклучува пренамена на уништено земјиште од рударски активности во проекти за производство на електрична енергија, што значително ја намалува зависноста од фосилни горива. Овие активности не само што придонесуваат за заштита на животната средина, туку и за ефикасно управување со природните ресурси.

Компанијата водејќи се од принципите на одржливост, транспарентност и иновативност се обврзува да креира и да спроведува проекти што обезбедуваат долгорочни придобивки за заштита на животната средина и за развој на локалните заедници и економијата.

Имајќи го предвид наведеното, компанијата истакнува дека наведените принципи ќе бидат водечки во сите активности на компанијата, обезбедувајќи усогласеност меѓу економските цели, еколошките вредности и потребите на општеството.

Воедно, оваа политика ја потврдува посветеноста на компанијата за развој на општествената одговорност и на еколошката одржливост. Таа претставува рамка за поддршка и реализација на иницијативи што придонесуваат за чиста енергија, економски напредок и зачувување на природните ресурси.

**Генерален директор**
**м-р Лазо Узунчев**